**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА*

**ЗА ПАРАЛЕЛКИТЕ СО АЛБАНСКИ И ТУРСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК**
**ЗА I ГОДИНА**

**Скопје, 2001 година**

# I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕДМЕТОТ

Предметот *македонски јазик и македонска литература* за паралеките со албански и турски наставен јазик е општо-образовен предмет со широки и разгранети функционални, образовни и воспитни цели.

Целта на наставниот предмет е ученикот да се оспособи за коректно, свесно и правилно усно и писмено изразување на македонски јазик, за изразување на сознанијата за себе и опкружувањето, за доживување и критичко размислување за себе и другите; за разбирање и примена на стекнатите знаења од мајчиниот јазик, да сфати дека македонскиот јазик е државен јазик во Р. Македонија и дека спаѓа во групата на развиените современи јазици.

Предметот *македонски јазик и македонска литература* во наставниот план за гимназиското образование е сместен во групата на задолжителни предмети со годишен фонд од 72 часа, односно 2 часа неделен фонд.

Околу 45-48 часа се наменети за проучување на содржините од подрачјето ***Јазик***, а останатите за проучување на подрачјето ***Македонска литература***.

Содржините од подрачјата Македонски јазик и Македонска литература се обработуваат одделно, но водејќи притоа сметка за остварување на внатрешната корелација. Оваа корелација е потребна од причини што и двете подрачја треба кај ученикот да ги развијат способностите за читање, пишување и говорење.

## II. ЦЕЛ

Целта на наставата по предметот македонски јазик и македонска литература за паралелките со албански и турски наставен е да го оспособи ученикот да комуницира на стандарден македонски јазик во функција на неговото општо, стручно и понатамошно образование на македонски јазик.

## III. ОПШТИ ЦЕЛИ

Покрај општата цел на наставниот предмет, ученикот треба:

– да може да општи (комуницира) на македонски стандарден јазик во конкретна ситуација;
– да знае за улогата и положбата на македонскиот јазик во минатото и сегашноста;
– да ги осознае основните јазични поими, да ги препознава во текстови и да ги применува при интерпретација на нови текстови;
– да развие способности за разбирање на усни пораки и да го развива усното изразување;
– да развие способности за разбирање на писмените пораки и да развива способност за самостојно писмено изразување;
– да знае за историските, културните и литературните достигања на македонскиот народ;
– да може да следи филмски и сценски остварувања и да прима најразлични информации за тековните настани во светот на македонски јазик.

# IV. ПОДРАЧЈЕ: МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## ЦЕЛИ:

**Покрај општите цели, предметот македонски јазик и македонска литература во I година ги реализира и следните цели:**

**– систематско запознавање со македонскиот стандарден (литературен) јазик, неговата структура, изразните можности и правилната употреба;**

**– развивање на способности и навики за точно, јасно и концизно изразување (усно и писмено);**

**– практично совладување на усното и писменото изразување (раскажување, прераскажување, опишување и известување).**

### ОПЕРАТИВНИ ЦЕЛИ И СТАНДАРДИ НА ЗНАЕЊА

| ОПЕРАТИВНИ ЦЕЛИ | СТАНДАРДИ НА ЗНАЕЊА |
|---|---|
| Развивање на способност за разбирање на **усни пораки.** | Разбирање на знаците на усните пораки и дистинкција помеѓу важните и неважните пораки. |
| Развивање на способност за **усно изразување.** | Градење на усна порака на одредена тема.<br>Усно прераскажување на прочитан текст.<br>Опис на главните карактеристики на ликовите од даден текст. |
| Развивање на способност за разбирање на **писмена порака**. | Разбирање на значењето на зборот во контекст.<br>Препознавање на експресивната вредност на зборовите. |
| Развивање на способност за самостојно **писмено изразување**. | Градење на писмена порака на одредена тема.<br>Писмено прераскажување на прочитан текст.<br>Опис на главните карактеристики на ликовите од даден текст. |

**ДВЕ ПИСМЕНИ РАБОТИ ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА (1+1; 6 часа )**

| ПОДРАЧЈЕ: ЈАЗИК | | | |
|---|---|---|---|
| *Област* | *Содржина* | *Цели* | *Дидактички насоки* |
| **Историја на македонскиот јазик** | Македонскиот јазик меѓу (јужно) словенските и балканските јазици | ***Ученикот:***<br>- да го сфати местото на македонскиот јазик во групата на (јужно) словенските и балканските јазици. | Избор на текстови од повеќе современи (јужно) словенски и балкански јазици и слушање на звучни записи. |
| **Фонетика и фонологија** | Глас и фонема<br><br>Поделба на гласовите<br><br>Самогласки<br><br>Самогласното (слоготворно) **р**<br><br>Согласки<br>Класификација на согласките<br><br>Гласовни промени | - да прави разлика меѓу глас и фонема и глас и буква;<br>- да ја знае поделбата на гласовите и да ги знае различните функции на гласовите;<br>- да ја знае разликата во образувањето на самогласките;<br>- да ја знае службата на самогласното **р**;<br>- да ја знае поделбата на согласките според артикулациските и акустичките карактеристики на гласовите.<br><br>- да ги воочува ситуациите во кои се случуваат гласовните промени (едначење по звучност, обезвучување и редување на гласовите). | Вежби на примери од зборови што се разликуваат само со една фонема.<br>Вежби за поделба на зборовите на слогови.<br><br>Вежби во различни случаи каде **р** може да биде слоготворно.<br>Се одбираат адекватни јазични ситуации (усни и писмени) и се организираат усни и писмени вежби.<br>Читање на одредени текстови со посебен акцент на изговорот на одредени согласки.<br>Звучни записи на различни типови текст со дискусија за сторените грешки. |

| *Област* | *Содржина* | *Цели* | *Дидактички насоки* |
|---|---|---|---|
| **Правопис** | Фонолошки принцип на македонскиот правопис<br><br>Остапки од фонолошкиот принцип<br><br>Согласни групи | Знае дека македонскиот правопис е заснован врз фонетска основа (фонолошки принцип).<br><br>Може правилно да ги употребува одредени согласни групи (шт,жд, пч,пц,чк и др.) | Вежби во пишување или поправка на определени текстови кои содржат намерно направени грешки. |
| **Правоговор** | Изговор на самогласките<br>Изговор на самогласното (слоготворното) **р**<br>Изговор и правопис на согласките | Прави разлика помеѓу акустичките и физиолошките елементи на гласовите. | Вежби во слушање на правилен изговор на согласките и самогласките и на определни согласнички групи;<br>-читање или слободно изложување на определени содржини. |
| **Акцент** | Акцентот во македонскиот стандарден јазик<br><br>Отстапување од третосложното акцентирање | Прави разлика помеѓу **зборовен и реченичен акцент;**<br>-знае дека акцентот во македонскиот стандарден јазик, по своите фонетски особености е **динамичен**, а по однос на местото тој е **определен**.<br>Ги знае најчестите отстапувања од третосложното акцентирање (кај глаголските прилози, прилозите за време). | Вежби: со зголемување на бројот на слоговите кај зборот на ученикот му се овозможува да дојде до сопствени сознанија за местото и карактерот на акцентот во македонскиот стандарден јазик. |

| *Област* | *Содржина* | *Цели* | *Дидактички насоки* |
|---|---|---|---|
| | Акцентот во туѓите зборови<br><br>Акцентски целости | Да развие свест за местото и карак-терот на акцентот во туѓите зборови.<br>Да се запознава со видовите акцентски целости и нивната важност во рамките на говорената форма на јазикот. | Вежби во читање и говорење на зборови од туѓо потекло.<br>Вежби во читање или говорење на определени видови акцентски целости. |
| **Стилистика** | Основно и преносно значење на зборовите<br><br>Еднозначни и повеќезначни зборови<br><br>Синоними, антоними, хомоними, пароними | Да знае за функцијата на зборовите во изразувањето. | Вежби за користење разни видови зборови при изразувањето. |

# V. ПОДРАЧЈЕ: МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

## ЦЕЛИ

**Покрај општите цели, предметот македонски јазик и македонска литература во I година ги реализира и следните цели:**
**- систематско и функционално запознавање со теоријата на литературата (во корелација со мајчиниот јазик) и историјата на македонската и светската литература;**
**– развивање на способност за критичко и творечко читање на литературни дела;**
**– развивање на културните и социјалните вредности - етички, естетски.**

### ОПЕРАТИВНИ ЦЕЛИ И СТАНДАРДИ НА ЗНАЕЊА

| ОПЕРАТИВНИ ЦЕЛИ | СТАНДАРДИ НА ЗНАЕЊА |
|---|---|
| Разликува уметнички од неуметнички текст. | Ги знае фактите кои го разделуваат уметничкиот од неуметничкиот текст. |
| Може да ги препознае литературно-теориските поими во текст. | Ги знае дефинициите на литературно-теориските поими. |
| Може да ги забележи карактеристичните белези на литературните периоди. | Ги знае спецификите на литературните периоди во хронолошка последователност. |

| *МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА* | | | |
|---|---|---|---|
| ***Област*** | ***Содржина*** | ***Цели*** | ***Дидактички насоки*** |
| *Литература* | Фолклорот и митот како извори за литературата | Ученикот знае што се фолклор и мит и ја разбира нивната улога во историјата на литературата. | Текстови за илустрација: Се споредуваат авторски текстови и анонимни текстови; митови кои подоцна ќе ги сретнат во основата на светската литература. (Прометеј, Едип...) |
| | Македонска народна литература. Лирика и епика | Преку белезите на македонската народна литература ученикот ги проверува предзнаењата за сопствениот национален фолклор и ги пронаоѓа сличностите. | Текстови: лирски љубовни песни и реалистични и волшебни приказни (Миладиновци, Цепенков), со компаративен пристап во однос на националниот фолклор на учениците. |
| | Споредба на светите книги Библијата и Куранот | Ученикот има основни знаења за светите книги како литературни текстови. Умее да ги пронајде сличностите на Библијата како извор за европската култура со Куранот, светата книга на муслиманите. | Текстови од Билијата и од Куранот – деловите за создавањето на светот и човекот, мудри совети за однесувањето на вистинскиот верник. |
| | Средновековна литература | Ученикот знае основни податоци за западноевропската средновековна литература. (Периодизација, дела – средновековни анонимни херојски епови, трубадурска поезија, црковни жанрови) | Извадоци од херојски епови („Калевала“, „Сид“, „Песна за Роланд“ или др.), трубадурска поезија. |

| *Област* | *Содржина* | *Цели* | *Дидактички насоки* |
| --- | --- | --- | --- |
| | Кирил и Методиј „Панонски легенди“ | Ученикот знае основни податоци за старословенската писменост и за основоположниците на словенската култура. | Извадоци од „Панонските легенди“ за илустрација на белезите на словенската писменост и за согледување на религискиот аспект на литературата. |
| | Учениците на браќата Кирил и Методиј | Ученикот знае основни податоци на учениците на браќата (Климент Охридски Наум Охридски) Кирил и Методиј и за нивната улога во културата на Словените. | Извадоци од „Пофалата...“ на Климент Охридски за илустрација на односот на Климент како ученик кон учителот. |
| | Црноризец Храбар „За буквите“ | Ученикот знае основни податоци за Храбар како прв полемичар во словенската литература | Извадок од текстот „За буквите“. Вежби со симулација на полемика околу определен, зададен проблем. |
| | Средновековни жанрови | Ученикот ги знае основните белези на средновековните жанрови | Текстови за илустрација на хагиографија, апокриф, пофала, луцидар, зоолог... |
| | Охридската школа и други средновековни препишувачки центри | Ученикот знае основни податоци за средновековните препишувачки центри на теренот на Македонија | Преглед на препишувачките школи и нивните основни текстови важни за историјата на македонската писменост. |

## VI. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 1. Вреднување на знаењата од подрачјето ЈАЗИК

**Проверувањето и оценувањето на постигањата на учениците е задолжителен дел од наставниот процес.**

**а) минимум стандард на знаење**

**Ученикот препознава и употребува поими и јазични изрази во логичен текст.**

**б) висок стандард на знаења**

**Ученикот е способен за самостоен говорен настап, самостојно писмено се изразува на дадена тема, анализира и синтетизира.**

### 2. Вреднување на знаењата од подрачјето МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

**а) минимум стандард на знаење**

**Ученикот репродуцира факти од областа на теоријата и историјата на литературата.**

**б) висок стандард на знаења**

**Ученикот е способен наученото за литературата да го примени врз самостоен опис на белезите на определен литературен текст.**

**При оценувањата на знаењата и постигањата на учениците, се применуваат применуваат современи методи и инструменти. Тестовите, писмените и усните вежби ќе бидат само дел од инструментите за оценување.**